28340

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● 12 519,
Петок 27 ноември 1981 год. ● стр. 9

ДЕНЕС ВО БИТОЛА

# Четврто триенале на југословенската графика

● Награди за Мирослав Арсиќ, Иво Бошњаковиќ и Димче Николов

Битола, 26 ноември

Утре во двата салони на Уметничката галерија „Моша Пијаде" се отвора четвртото триенале на современата југословенска графика. На оваа традиционална ликовна манифестација, што се одржува секоја трета година, излагаат околу стотина автори од целата земја.

Жири комисијата во состав: д-р Борис Петковски, Нико Този, Ванчо Георгиевски, Лилјана Христова и Свето Манев, денес ги соопшти имињата на наградените уметници. Со три рамноправни награди (по 10 илјади динари) што се поделуваат по повод оваа изложба, ги добија графиките на: Мирослав Арсиќ од Пожаревац, Иво Бошњаковиќ од Мурска Собота, и Димче Николов од Битола. Покрај наградите, откупени се и 10 графики (со по пет илјади динари) на Данило Јејичиќ, Бранко Миљуш, Владимир Макуц, Аполонио Звест, Миодраг Нагорни, Соња Ламут, Зденка Голаб, Петар Мариновиќ, Симон Шемов и Винко Фиштер. (Д. Д.)